# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354


## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **а п р и л, 2025**




**Скопје, 15.05.2025**

**Содржина:**

ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2025 3

ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ 5

ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА 5

СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА 5

ЕПИДЕМИИ 5

СМРТНИ СЛУЧАИ 6

ГРИП 6

ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ 7

БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ 7

## ***ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АПРИЛ, 2025***

Во текот на април 2025 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно 1.127 заболени лица од акутни заразни заболувања (без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ) со вкупна инциденца од 61,4 на 100.000 жители.

Во текот на месец април се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 84,5% во однос на претходниот месец март 2025 (n=611). Но, во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи незначително зголемување 0,6% (n=1.119), додека во однос на април 2024, се бележи намалување за 18,0% (n=1.374). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец април учествуваат со 33,9%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=3.325) е за 35,0% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=5.112).

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=534; 47,4%%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=6; 0,5%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Прилеп (I=139,9/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=4,7/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територија на Крива Паланка (I=260,2/100.000). Две ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Мак. Брод и Дебар). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во април, 2025***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во април учествуваат со 98,1% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 60,2/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во април, 2025***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 575 | 31,3 |
| Ентероколитиси | 399 | 21,7 |
| Салмонелози | 50 | 2,7 |
| Шуга | 37 | 2,0 |
| Инфективна мононуклеоза | 15 | 0,8 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 11 | 0,6 |
| Скарлатина | 7 | 0,4 |
| Вирусен хепатитис Б | 5 | 0,3 |
| Кампилобактериоза | 4 | 0,2 |
| Сифилис | 3 | 0,2 |
| ***Вкупно*** | ***1.106*** | **60,2** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити, n=974), учествуваат со 86,4% во вкупниот број на заболени, а со 88,1% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец април 2025 година.

Во текот на април, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 575 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 51,0%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 52,0%.

Во однос на претходниот месец март 2025 (n=309), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 86,1%, додека во однос на месец април 2024 (n=845) се регистрира намалување за 32,0%.

Во однос на аритметичката средина (n=559) се регистрира зголемување за 2,9%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=1.793), пријавените случаи во април учествуваат со 32,1%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=3.325), овчи сипаници учествуваат со 53,9%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2025 (n=1.793) е за 44,6% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=3.234).

На второ место по број на пријавени заболени во месец април се **ентероколити**, со 399 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 35,4%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 36,1%.

Во однос на претходниот месец март 2025 (n=176), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од ентероколити за 2,3 пати, додека во однос на месец април 2024 (n=240) се регистрира зголемување за 66,3%.

Во однос на аритметичката средина (n=359) се регистрира зголемување за 11,1%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2025 (n=1.007), пријавените случаи во април учествуваат со 39,6%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=3.325), ентероколитите учествуваат со 30,3%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2025 (n=1.007) е зголемен за 21,0% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=832).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во април, најголем број (n=605) припаѓаат на **капкови заболувања** (53,7%; I=32,9/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=575; 95,0%) и инциденца (I=31,3/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 15 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,8/100.000), 7 случаи на скарлатина (I=0,4/100.000), по 3 случаи на голема кашлица и легионерска болест и два случаи на менингококна болест.

Во месец април, пријавени се 466 случаи (41,3% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 25,4/100.000. Од нив, најголем број, (n=399; 85,6%) и инциденца (I=21,7/100.000) се пријавите на ентероколити. Пријавени се 50 случаи на салмонелози (I=2,7/100.000), 11 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=0,6/100.000), 4 случаи на кампилобактериоза и по еден случај на листериоза и ѕардијаза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во април се регистрирани 41 случај (3,6%; I=2,2/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 37 се случаи на шуга (90,2%; I=2,0/100.000), 2 случаи на бактериски менингит, и по еден случај на вирусен енцефалитис и вирусен хепатит.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 11 заболени лица (1,0%; I=0,6/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 5 случаи на вирусен Хепатитис Б, три случаи на сифилис, два случаи на инфекција со Хламидија и еден случај на Хепатитис Ц. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец април регистрирани се 4 случаи, два случаи на ехинококоза и по еден случај на лајм борелиоза и лајшманиоза. *(Графикон 3)*

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во април, 2025*




### *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец април, пријавени се два случаи потврдени на ХИВ и еден случај на СИДА, сите од машки пол, кои припаѓаат на возрасната група од 20-49 години. Регистрирани се два смртни случаи од СИДА, претходни години пријавени како заболени. (*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.04.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 701, и тоа:

- 134 лица починале,
- 563 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

### *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец април 2025 регистрирани се 8 случаи со инциденца од 0,4/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 5 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против овие болести. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во групата на вакцино-превентабилни болести, пријавени се три случаи на голема кашлица, по еден од Куманово, Скопје и Пробиштип. Од ново пријавените случаи на голема кашлица, две деца се на возраст од 11 години, а едно на возраст од 6 години. Од нив, две деца се вакцинирани согласно возраста, а едно не е вакцинирано. Трите случаи се лабораториски докажани.

.

### *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. С. Македонија во текот на месец април, пријавени се вкупно 8 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец март кога беа пријавени 4 случаи и месец април 2024 кога се регистрирани 9 случаи.

Од заболените во април 2025, пет случаи се од Скопје, два од Тетово и еден случај од Битола.

Во текот на месецот регистрирано е едно починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, по едно лице припаѓа на возрасните групи од 20-29 години, 30-39 години, 40-49 години и 50-59 години, а 4 се на возраст над 60 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец април, се тестирани вкупно 832 материјали за 26,8% помалку во однос на минатиот месец (n=1.137).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 30.04.2025, пријавени се вкупно 352.105 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.170,4/100.000) и 10.006 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

### *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец април 2025 година, до ИЈЗ пристигната е една пријава за епидемија на заразна болест.

На 25.04.2025 година, ЦЈЗ Куманово пријави епидемија на овчи сипаници во детска градинка. Епидемијата е пријавена со 13 заболени лица.

Од страна на епидемиолошката служба при ЦЈЗ Куманово, преземени се и препорачани соодветни против епидемиски мерки: направен е хигиено-епидемиолошки увид во градинката каде што се регистрирани случаите, извршена е дезинфекција на просториите во градинката, едукација на населението, домашна изолација на заболените деца и др.

### *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец април, **регистрирани се два смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

Првиот случај е лице починато во март, но Пријавата за смрт од заразна болест е пристигната во април. Станува збор за лице на возраст од 61 година, од женски пол со Dg. Meningitis purulenta од Кавадарци, заболена на 03.01.2025, хоспитализирана на КИБФС, а починала на 28.03.2025 година.

Вториот случај е 65-годишна жена од с. Боговиње, Тетово со Dg: Encephalitis acuta и со други пропратни коморбидитети. Била хоспитализирана на КИБФС на 07.06.2025, а починала на 13.04.2025 година.

### *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS (https://erviss.org/), стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се покачени над основните нивоа во 1 од 25 земја и области на Европскиот регион на СЗО. Сезоната на грип 2024/25 година заврши, при што повеќето индикатори за активноста на грип продолжуваат да се намалуваат на меѓусезонски нивоа. Позитивноста на RSV во сентинел надзорот се намалува во споредба со пикот достигнат кон крајот на декември. Активноста на SARS-CoV-2 останува ниска на регионално ниво, со одредени варијации на ниво на земја.

Во текот на април, на групни пријави за грип во РСМ, пријавени се вкупно 871 заболено лице (I=47,4/100.000). Од нив најголем број на заболени се регистрирани во ЦЈЗ Скопје (n=347), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Мак. Брод (I=267,0/100.000).

Во текот на април, не се пријавени смртни случаи асоцирани со грип.

Од почетокот на сезоната 2024/25, во Р.С. Македонија, заклучно со 18-та недела 2025, пријавени се вкупно 25.955 случаи (I=1.413,1/100.000) на грип/заболувања кои личат на грип. Од нив,најголем број на заболени (n=7.006) се регистрирани на територија на ЦЈЗ Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (5.550,9/100.000) е регистрирана на територијата на ПЕ Дебар.

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) - 14.887 случаи (57,4%), а највисока инциденца (3.096,7/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=2.989).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 1.200 материјали од здравствени установи од рутинскиот (n=672) и сентинел надзорот (n=528). Во нив, детектирани се 285 позитивни случаи на грип, 10 позитивни случаи на SARS-CoV-2 и 106 позитивни случаи на респираторен синцицијален вирус (RSV). Во однос на вирусот на грип, доминира тип А со 60,4% застапеност во испитуваните примероци, со 68,6% присуство на Influenza A(H3) субтипот. Во однос на респираторниот синцицијален вирус (RSV), доминира RSV-A со 67,0% застапеност во испитуваните примероци.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на април, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 952 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=516; 54,2%) и ЦЈЗ Куманово (n=162; 17,0%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец април се: *HPV (168; 17,6%), RSV (157; 16,5%) и MRSA (n=134; 14,1%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, резистенција е добиена за *MRSA,* Proteus mirabillis, Pseudomonas aeruginosa. Enterobacter cloacae, ESBL, Escherchia coli, ESBL Klebsiella pneumoniae ESBL, Burkholderia cepacian, Serratia marcescens, Serratia fonticola, ESBL, Acinetobacter baumannii, Staphylococcus cohnii и Staphylococcus hominis.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Прилеп и ЦЈЗ Струмица.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на месец април, ***пристигнати се две пријави*** за заразно заболување за салмонелоза и ротавирусна инфекција кај странски државјани од Косово и Грција кои престојувале во Република Северна Македонија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***